Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Financave**

Друштво за производство промет и услуги
АУКТА ДООЕЛ
Бр. 0307-3/1
24.01 2024 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-1232/1
Датум: 22-01-2024

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги –
одржување на апликацијата за МИС (Management Information System)
на Секторот за централно финансирање и склучување договори

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул. „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr. Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за производство, промет и услуги „АУКТА" ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. „Народен фронт" бр.31-1/7 во Скопје, застапувано од Лилјана Воденичарска, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуга – одржување на апликацијата за МИС (Management Information System) на Секторот за централно финансирање и склучување на договори по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр.20018/2023.

Составен дел на овој договор се техничките спецификации за одржување на апликацијата за МИС (Management Information System) на Секторот за централно финансирање и склучување на договори како Прилог кон овој договор.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Месечниот надоместок за превентивно и интервентно одржување и техничка поддршка на апликацијата изнесува 205.000,00 без пресметан ДДВ.


Министерство за финансии Република Северна Македонија | Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut | Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје | Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup | +389 2 3255 637 www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.4/13-19 издание 4

Единечната цена по работен час за адапативното одржување на софтверот изнесува 1.350,00 денари, без пресметан ДДВ.

Вкупната максимална вредност на овој договор изнесува 3.000.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност (во понатамошниот текст ДДВ).

ДДВ изнесува 540.000,00 денари.

Вкупната вредност на Договорот со пресметан ДДВ изнесува 3.540.000,00 денари.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

## IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 4

Извршените услуги кои се однесуваат на превентивно и интервентно одржување и техничка поддршка ќе се реализираат и наплаќаат на месечно ниво, во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата за извршените услуги.

Извршените услуги за адаптивно одржување на софтверот ќе се реализираат и наплаќаат по инсталација на апликацијата на продукциска околина, односно во рок од 30 (триесет) календарски дена од денот на приемот на фактурата за извршените услуги.

Фактурата за извршените услуги за првентивно, интервентно одржување и техничка поддршка, како и за адаптивно одржување, треба да биде придружена со работен налог, односно извештај за извршени активности потпишан со цело име и презиме од лицата определени за реализација на договорот од двете договорни страни.

Фактурата за плаќање за извршената услуга се доставува на договорниот орган на следнава адреса: ул.„Даме Груев“ бр.12, 1000 Скопје.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 5

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишувањето на договорот да пристапи кон негова реализација на начин и согласно прифатените услови дефинирани во понудата.

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно согласно законската регулатива за овој вид на услуги и упатствата добиени од договорниот орган.

Носителот на набавката е должен да обезбеди превентивно, интервентно одржување на системот и техничка подршка и адаптивно одржување на Менаџмент информацискиот систем на Секторот за централно финансирање и склучување договори во целина, во целост според техничките спецификации, кои се составен дел на овој договор.

Носителот на набавката е должен да му го достави на договорниот орган изворниот код на софтверската апликација која е предмет на овој договор со спецификации од прилагодувањата направени на барање на договорниот орган, а во делот на адаптивното одржување. Програмскиот код мора да биде соодветно документиран и спакуван во форма која, за договорниот орган, ќе овозможи лесно одржување и понатамошен развој или унапредување на постоечките функционалности на софтверската апликација.

Носителот на набавката е должен при предавањето на програмскиот код да му испорача на договорниот орган и спецификација за алатки кои се користени при развој и програмска документација, која овозможува самостојно и независно програмирање и менување на функционалностите на системот, како и интеграција со други апликативни софтвери и решенија, без интервенција на носителот на набавката.

### Член 6

Носителот на набавката се обврзува и е должен во рамките на извршувањето на своите обврски:

- да ги смета барањата и интересите на договорниот орган кои се предмет на овој договор за приоритетни во секое време;
- да го информира договорниот орган веднаш, доколку се појават одредени околности кои би влијаеле на извршувањето на активностите кои се предмет на овој договор;
- да обезбеди ефикасно и навремено извршување на предметниот договор и да ги применува соодветните регулативи за конкретниот вид на услуга, придружувајќи се кон барањата нагласени од договорниот орган;
- да дава соодветни препораки за решавање на секој проблем кој би се појавил во текот на реализација на предметниот договор;

- да му се укаже на договорниот орган за било која неправилност во врска со непочитувањето на законската регулатива или било кој друг факт кој би можел негативно да влијае на исходот или очекувањата на договорниот орган и

- во рамките на извршувањето на своите обврски блиску да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметниот договор.

## VI. НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 7

Носителот на набавката е должен да обезбеди софтвер за менаџирање на проектот, портал за корисничка поддршка т.е. систем за пријавување и решавање на проблеми. Преку овој софтвер ќе се води евиденција и ќе се следи статусот на сите задачи, проблеми, bug-ови, т.е. на дневна основа ќе комуницираат договорниот орган и носителот на набавката во процесот на одржување на апликацијата.

Договорниот орган, преку своето лице задолжено за реализација на договорот ќе го пријави на носителот на набавката софтверскиот проблем или барање за интервенција преку софтверот за комуникација. Исклучок се случаите со критичен приоритет, кои можат да се пријават веднаш, преку телефон со дополнителна достава на e-mail или да се пријават на софтверот за комуникација.

Пријавувањето на софтверски проблеми и комуникацијата кон носителот на набавката ќе се врши со лица задолжени за реализација на договорот кој ќе ги одреди носителот на набавката.

За извршување на услугите - предмет на договорот, носителот на набавката задолжително ги вклучува лицата од стручниот кадар за извршување на услугата-предмет на договорот, согласно со прифатената понуда на носителот на набавката од страна на договорниот орган.

Во исклучителни ситуации носителот на набавката може да изврши замена на лице од техничкиот персонал кој ќе учествува во извршувањето на договорот, со доставување на детално образложение и по добивање на одобрение од договорниот орган, под услов лицето да ги исполнува условите предвидени во потточка 5.3.2 од тендерската документација.

## VII.ПОДИЗВЕДУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДОГОВОРОТ

### Член 8

Делот од предметот на договорот за јавна набавка кој се однесува на извршување на активности од областа на безбедност во развој на софтверски решенија, носителот на набавката го отстапува на подизведувач, а согласно Договорот за подизведувач склучен помеѓу носителот на набавката и подизведувачот.

Процентот/износот од вредноста на договорот кој ќе се отстапи на подизведувачот изнесува 10 %.

Со оглед на тоа што не е предвидено директно плаќање на подизведувачот, договорниот орган бара од носителот на набавката да му достави писмена изјава од подизведувачот, дека подизведувачот е исплатен за обезбедените услуги во рок од 60 дена од денот на исплаќање на фактурата од страна на договорниот орган на носителот на набавката.

Носителот на набавката може, за време на извршувањето на договорот за јавна набавка, од договорниот орган да побара:

- промена на подизведувачот за оној дел од договорот за јавна набавка кој претходно го отстапил на подизведувачот,
- воведување еден или повеќе нови подизведувачи чиј вкупен удел не смее да надмине 30% од вредноста на договорот за јавна набавка без вклучен ДДВ, без оглед дали претходно отстапил дел од договорот на подизведувачи или не,
- преземање на извршувањето на дел од договорот за јавна набавка кој претходно го дал на подизведувач.

Во случај на вклучување нови подизведувачи, носителот на набавката, е должен да достави барање до договорниот орган.

Барањето, носителот на набавката задолжително го доставува во писмена форма со наведување и обезбедување на сите потребни податоци и документи барани во потточка 5.3.2 од тендерската документација.

Договорниот орган го одобрува барањето на носителот на набавката согласно условите предвидени во Законот за јавните набавки.

Во случај на одбивање на барањето, договорниот орган го известува носителот на набавката во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето.

## VIII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 9

Договорниот орган е должен да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализација на договорот.

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето за реализацијата на услугите ќе го врши согласно член 4 од овој договор.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 10% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде безусловна, неотповиклива и на прв повик наплатлива од страна на договорниот орган, треба да биде издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или од странска банка.

Недоставување на банкарската гаранција од став 1 на овој член претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од овој договор.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во

кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## X. ДОВЕРЛИВОСТ НА ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

### Член 11

Определените лица од Носителот на набавката за реализација на Договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на Договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на Договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на Договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со Договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на Носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

### Член 12

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на Носителот на набавката и на Договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој Договор од страна на Носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои Договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

### Член 13

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на Договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на Договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која Носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган.

### Член 14

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 11 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

### Член 15

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, Носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај Договорниот органот.

### Член 16

Носителот на набавката по писмено барање на Договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали Носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

### Член 17

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој Договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од Договорниот орган пред нивното спроведување.

**Член 18**

Одредбите од глава X од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај Носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## XI. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 19**

Овој договор може да се раскине спогодбено, во согласност на договорните страни.

**Член 20**

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

**Член 21**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 22**

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XII. ВИША СИЛА

### Член 23

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 24

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

**Член 25**

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

**Член 26**

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

**Член 27**

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

**Член 28**

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН: РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА: |
|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ | Друштво за производство, промет и услуги „АУКТА“ ДООЕЛ СКОПЈЕ |
| МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ Dr. Fatmir Besimi | УПРАВИТЕЛ Лилјана Воденичарска |

Изработил: Даниела Донова Ризова
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калачоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст

ПРИЛОГ КОН ДОГОВОРОТ

# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ
за јавна набавка на услуга –
одржување на апликацијата за МИС (Management Information System) на Секторот за централно финансирање и склучување договори

Услугите кои се дадени во овие технички спецификации се однесуваат на одржување на апликацијата за МИС (Management Information System) на Секторот за централно финансирање и склучување договори, чиј технички опис е даден во Прилог 1.

Под одржување на софтверот се подразбира:

- Превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка и
- Адаптивно одржување на системот.

I. Превентивно и интервентно одржување на системот и техничка поддршка

Услугите кои носителот на набавката ги обезбедува за договорниот орган за реализација на превентивното и интервентното одржување и техничка поддршка на системот се:

1. Проактивно разрешување на технички и системски предизвици што подразбира дијагностицирање на моменталната состојба на МИС системот, односно препознавање на сите технички и системски проблеми и нивно разрешување.
2. Одржување и отстранување на грешки во програмскиот код и сервисите на МИС системот, со нови закрпки и испорака на нови верзии. Ваквото одржување подразбира:
    - Отстранување на технички грешки во софтверот кои се пронаоѓаат при нормално работење;
    - Надминување на проблеми и потешкотии при рутинска работа со софтверот, ненамерни грешки на корисниците;
    - Консултации за користењето на инсталираната функционалност на софтверот, извештаи, начин на интерпретација на податоци;
    - Интервенции во податоци за отстранување на настанати грешки во податоците заради проблемите предизвикани од грешка во обработка на податоците или од ненамерна грешка при рутинска работа на корисниците;

- Отстранување на грешки направени од носителот на набавката при развојот на кодот, забележани и пријавени од корисниците на МИС системот.

3.Проактивно функционално одржување на МИС системот што подразбира низа акции на мерење, снимање и анализа на релевантни параметри и преземање на соодветни мерки, со цел обезбедување на негова оптимална и доверлива работа и минимизирање на можноста од негов дефект што би резултирал со неочекувани застои во работата. Меѓу другото, ова подразбира прво, второ и трето ниво на поддршка, кои се состојат од реактивни мерки за решавање на софтверски и системски проблеми, во склад со дефинициите на приоритети од Прилог 2, со дефинирани процедури за пријавување на проблемите. Овие активности вклучуваат:

- превентивна системска дијагностика;

- разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со ункционалноста на софтверот;

- решавање на апликативни проблеми врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа;

- отстранување на неправилности во податоците настанати поради грешки и проблеми во функционирањето на апликативниот софтвер и базата на податоци;

- преглед на конзистентноста на базата на податоци;

- преглед на оптовареноста и оптимизација на базата со податоци;

- преглед на критичните прашања (query) и индексите на базата на податоци;

- преглед на сите релевантни логови на системот;

- креирање процедури за извршување на заштита, архивирање и деархивирање на податоците;

- отстранување на неправилности во податоците, враќање на податоците и системот во исправна состојба од backup настанати поради:

  - нестручна работа со софтверот со која е предизвикано нарушување и/или бришење на податоци и податочната структура,
  - компјутерски вируси и друг малициозен софтвер,
  - штети предизвикани од хардверски дефекти,
  - штети предизвикани од дејство на виша сила (пожар, поплава и сл.);

- обезбедување на проектираните перформанси на системот;

- дизајн и консалтинг во случај на унапредување на постоечките функционалности и промени на опремата;

- проверка, препораки за поставувања и инсталација на последни закрпи на оперативните системи на платформата на која е поставен системот и подготовка на извештај за последни инсталирани закрпи;

- согледување на реализацијата на обврските, односно изготвување на преглед на доставените барања за интервенции и статусот на нивната реализација;

- дополнителна обука и консултации во траење до 4 (четири) часа месечно;

- телефонска и/или далечинска поддршка за решавање на инциденти;

- телефонска поддршка на корисниците на системот (хелп деск).

Услугите опишани во точките 1-3, кои се однесуваат на превентивно и интервентно одржување и техничка поддршка, се реализираат и наплаќаат на месечно ниво (со месечен паушал). Обемот на извршување на ваквиот вид на услуги е предвидено да биде до 35 часа месечно.

II. Услуги на адаптивно одржување на софтверот

Адаптивното одржување подразбира промени во функционалноста на системот кои може да се сметаат како квалитативни подобрувања на тековното решение, кои до моментот на склучување на договорот за одржување не постоеле во системот, односно унапредување на постоечките функционалности со цел подобрување и прилагодување на системот на новонастанатите потреби при работа или изменети законски регулативи.
Активности на Носителот на набавката при реализација на адаптивното одржување на софтверот, по барање на договорниот орган се:

- разрешување на технички проблеми надвор од имплементираните функционалности,
- подобрување на постојниот информациски систем,
- измени и доработки на постоечките функционалности – модули, прегледи, извештаи, поради промена на законски прописи или промена на начинот на работење.

За услугите за адаптивно одржување предвидени се до 400 (четиристотини) работни часа годишно.

Дефиниции на приоритети и максимално дозволено време на одзив се детално прикажани во Прилог 2 кон овие Технички спецификации.

Услугите опишани во делот II - Услуги за адаптивно одржување на софтверот, ќе се извршат на барање и по потреба на договорниот орган.

**Обврски на носителот на набавката**

Носителот на набавката е должен да му го достави на договорниот орган изворниот код на софтверската апликација која е предмет на овој договор со спецификации од прилагодувањата направени на барање на договорниот орган. Програмскиот код мора да биде соодветно документиран и спакуван во форма која, за договорниот орган, ќе овозможи лесно одржување и понатамошен развој или унапредување на постоечките функционалности на софтверската апликација. Носителот на набавката е должен при предавањето на програмскиот код да му испорача на договорниот орган и спецификација за алатки кои се користени при развој и програмска документација, која овозможува самостојно и независно програмирање и менување на функционалностите на системот, како и интеграција со други апликативни софтвери и решенија, без интервенција на носителот на набавката.

Изработената софтверска апликација е сопственост на договорниот орган, односно договорниот орган има неограничено право да го користи, менува и пренесува програмскиот код.

На барање на Договорниот орган, носителот на набавката е должен целосно и успешно да изведе миграција на системот вклучително и податоците од системот на Носителот на набавката кон друг систем на друга локација или околина. Во случај на поголема хаварија на примарната локација, на обезбедена disaster-recovery локација, како и обезбеден бекап на податоците, носителот на набавката е должен да изведе миграција и подигнување на системот.

Носителот на набавката е должен да обезбеди софтвер за менаџирање на проектот, портал за корисничка поддршка т.е. систем за пријавување и решавање на проблеми. Преку овој софтвер ќе се води евиденција и ќе се следи статусот на сите задачи, проблеми, bug-ови, т.е. на дневна основа ќе комуницираат Договорниот орган и понудувачот во процесот на одржување на апликацијата.

**Процедури за пријавување на проблемите и барањата**

Договорниот орган, преку своето овластено лице/лица ќе го пријави на Носителот на набавката софтверскиот проблем или барање за интервенција преку софтверот за комуникација. Исклучок се случаите со критичен приоритет, кои можат да се пријават веднаш, преку телефон со дополнителна достава на mail или да се пријават на софтверот за комуникација.

Во случај на адаптивно одржување, истите се специфицираат од страна на Договорниот орган во писмена форма со претходна комуникација и договор со Носителот на набавката. Спецификациијата се испраќа на примарната е-маил адреса или софтверот-системот за комуникација кај Носителот на набавката, кој испраќа

понуда за бројот на работните часови кои се потребни за реализација на бараните надополнувања и подобрувања. По прифаќањето на понудата, Носителот на набавката пристапува кон развој, тестирање и имплементација на бараните промени во системот.

Пријавувањето на софтверски проблеми и комуникацијата кон Носителот на набавката ќе се врши со овластени лица кој ќе ги одреди Носителот на набавката.

Прилог 1 кон Технички спецификации

# ОПИС НА МИС СИСТЕМОТ

Софтверска платформа

Решението преставува комплексна софтверска платформа која ја сочинуваат повеќе софтверски модули, и тоа:

- 3-те функционални целини во МИС системот:
  - MIS - web
  - MIS – codex и
  - MIS - Registration

како и:

  - Xerox Docushare, стандардна документ – ориентирана платформа интегрирана со МИС системот

Информацискиот систем за управување со МИС-Систем за менаџирање на европските ИПА фондови преставува интегрирано решение базирано на следните серверски и десктоп продукти и технологии:

Продукти на серверска страна:

- Tomcat Application Server
- DB2 Relational Database Server

Продукти на клиентска страна:

- Java Applet running in web browser,
- Standard web browser (Mozilla Firefox, IE, etc)

Технологии и стандарди:

- HTML
- XML
- Java Standard Edition + Java Enterprice Edition
- Docameleon

МИС системот е интегриран со стандардна документ – ориентирана платформа Xerox Docushare, базирана на Xerox Docushare DMS сервер. Xerox Docushare е имплементиран на следната платформа:

- VM in VMware v.6 Virtual Environment
- Red Hat Enterprise Linux Server release 7
- PostgreSQL
- Xerox Docushare v7

- Suscriptor for Docushare

**MIS – WEB**

Оваа функционална целина, која се состои од повеќе модули, е самостојна апликација која е изработена во Java развојна околина на Docameleon платформа. Апликацијата е наменета за крајните корисници од двата ентитети во Министерството за Финансии на РМ (CFCD и NF) за менаџирање на проектите од оперативните програми на ИПА фондовите, како и надворешен пристап од линиските министерства во определени модули. Модули во MIS-WEB се:

- Програмирање
- Тендерирање
- Склучување на договори
- Мониторирање
- Ризици
- Неправилности
- Финансиски менаџмент и книговодство
- Извештаи
- Анализа на научени лекции

**MIS – CODEX**

Оваа функционална целина е самостојна апликација која е изработена во Java развојна околина. Оваа апликација е помошна-административна апликација за менаџирање на класификациите, шифрарниците, постинг шеми и други финансиски документи како и листите на дозволени вредности во определени полиња кои се користат во MIS -WEB апликацијата.

**MIS - Registration**

Оваа функционална целина е самостојна апликација која е изработена во Java развојна околина и се користи од администраторите за менаџирање на корисниците:

- Дефинирање корисници
- Дефинирање привилегии
- Доделување на привилегии на корисниците
- Интеграција со LDAP

**Xerox Docushare**

Ова е COTS апликација со дополнителни модификации во Java. Апликацијата е наменета за сите корисници на системот за менаџирање и чување на сите документи, како и за дефинирање и следење на работните процеси кои се дефинирани во овој

систем. Дополнително направена е интеграција со архивскиот модул Suscriptor for Docushare, самостојна апликација изработена во Java развојна околина, која служи за водење на интерната архива.

Клучни можности кои ги нуди Xerox DocuShare:

- Складирање на документи и други типови на објекти;
- Чување на повеќе верзии на документите, евидентирање на историјатот на измените и заклучување на документите со цел спречување на нивно истовремено едитирање;
- Контрола на пристапот до сите објекти;
- Креирање на известувања за измена, додавање и бришење на документи;
- Пренасочување на документите за одобрување или проверка.

ПРИЛОГ 2 кон Технички спецификации
Дефиниции на приоритети и максимално дозволено време на одзив

| Приоритет[1] | Дефиниција[2] | On-line одзив | On-site одзив | Време на санација | Време на решавање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1<br>ИТНО – Дефект со многу висок приоритет, итен случај, блокирање на системот | Под приоритет 1 – ИТНО, се подразбира проблем во функционирањето на системот, или негов значаен дел, при што истиот не може да ја извршува својата функција, и предизвикува застој или го успорува нормалното работење на Економскиот оператор | 1 час | 4 часа | 12 часа | 24 часа |
| 2<br>Сериозен дефект – Дефект кој предизвикува голем прекин во работата на системот | Под приоритет 2 – Сериозен дефект, се подразбира проблем при кој оперативните карактеристики на системот се такви да дел од работните активности не функционираат или системот не работи со полн капацитет | 8 часа | 24 часа | 72 часа | 120 часа |
| 3<br>Мали, естетски недостатоци | - Системот/софтверот има недостатоци кои имаат мало влијание на работните активности на Економскиот оператор, односно овозможуваат користење на системот со намалена функционалност и/или работење<br>- Се бара информација/помош околу инсталација или конфигурација на системот/софтверот | 16 часа | 48 часа | 120 часа | 240 часа |

1 Носителот на набавката врши верификација на приоритетот

2 Доколку не се санира во предвидениот рок, нивото на приоритет се подига автоматски за еден